Врз основа на член 73 став (1) точка 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 мај 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Јетула Ајдари од Булачани, Гази Баба УП2 09-182/26 од 9 април 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_38_20260402_391 од 08.04.2026 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_38_20260402_391 од 08.04.2026 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Јетула Ајдари од Булачани, Гази Баба до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-182/26 од 9 април 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. УП1 бр. NCC_38_20260402_391 од 08.04.2026 година, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на пумпа за вода.

Според Електродистрибуција – во однос на технички услови се работи за најблиска трафостаница ТС Љуботенски Пат 3 (381479) со ТР 250 kVA, бетонски столбови и мрежа поставена од ЕВН.

Постоечката мрежа која е со најблиска приклучна точка е од ТС Љуботенски Пат 3 (381479) е оддалечена околу 800м од парцелата на барателот.

Во однос на поплаката од барателот дека во близина постои ТС Гасовод-Гама Бутел (389413) со ТР 50 kVA, установено е дека истата ТС е приватна и не може да се издаде енергетска согласност без согласност од сопственикот на ТС.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 12 мај 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-182/26 од 9 април 2026 година со прилог:

- Приговараното Решение
- Скици од парцелата

2. Одговор на приговор и дополнителни докази од ЕВН од 17 април 2026 година со прилог:

- Слика од барањето за согласност за приклучување
- Извештај за пад на напон во мрежата
- Потврда од АД Водостопанство на РСМ – Скопје дека на предметната КП нема водоводна инсталација
- GIS скица
- Имотен лист

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, од доставената документација е дека се работи за преголемо растојание од парцелата до најблиската приклучна точка на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

Согласно член 31 став (1) точка 2) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на РСМ' бр. 191/19, 101/22, 68/24 и 106/25) (понатаму: Мрежни правила), операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа преку електронската платформа, на корисничкиот профил на барателот во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–182/26**
**18 мај 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**